# КОЏОМАН



„СКОПЈЕ ДОЖИВЕА НЕВИДЕНА КАТАСТРОФА,
НО СКОПЈЕ ПОВТОРНО ЌЕ ГО ИЗГРАДИМЕ.
СО ПОМОШТА НА ЦЕЛАТА НАША ЗАЕДНИЦА,
ТОА ЌЕ СТАНЕ ГОРДОСТ И СИМБОЛ НА
БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО НА ЈУГО-
СЛОВЕНСКАТА И СВЕТСКАТА СОЛИДАРНОСТ."

27 ЈУЛИ 1963 ГОДИНА ТИТО

# ВАНГЕЛ КОЦОМАН

»SKOPJE HAD AN UNSEEN DISASTER,
BUT WE WILL BUILD SKOPJE AGAIN.
BY THE AID OF ALL OUR SOCIETY,
IT IS GOING TO BECOME A PRIDE
AND SYMBOL OF BROTHERHOOD AND UNITY OF THE
YUGOSLAV AND WORLD SOLIDARITY.«

JULY 27, 1963 TITO

Изложбен салон на Центарот

1 – 20 Октомври 1981 година

# ВАНГЕЛ КОЦОМАН

Изложбен салон на Центарот

**1 — 20 Октомври 1981 година**

Организатори:

Македонска Академија на науките и уметностите

Центар за култура и информации — Скопје



26 Јули 1963 година — Скопје

Оваа изложба се организира во чест на 40 годишнината на народната револу ција на народите и народностите на Југославија и го симболизира од тој период времето на скопскиот земјотрес, како израз на натчовечките напори да се победи катаклизмата и како израз на сеопштата солидарност на целиот свет и посебно на југословенските народи.

This exhibition is organised in the honour of the 4oth anniversary of the people's revolution of the peoples and minorities of Yugoslavia and symbolizis the period of the earthquake of Skopje, as an expression of the superman efforts to win the cataclysm and as an expression of the general solidarity of all the world and especially the jugoslav peoples.

~~Nikola Martinovski and Lazar Lichenovski), angel Kodžoman comes out in front of us~~



## СИНТЕЗА НА ЛИКОВНОСТ БЕЗ БРЕГОВИ:

Со разигран и сигурен потег, осведочен цртеж, сугестивна боја што изразува движење на врело чувство, одгледувач на чиста уметност во актови, портрети, пејзажи (секаде го откривал одвнатре ридско-планинскиот пејзаж типичен за Македонија со страст, љубов, приврзаност и ликовна зрелост), мртва природа, староградска архитектура, социјални, етно-фолклорни и историски теми, и самиот жива историја на современиот еманципаторски македонски ликовен чин (заедно со Никола Мартиновски и Лазар Личеноски), Вангел Коџоман излегува пред нас со едностојниот квалитет и со откривање на нова дефинирана ликовна тематика.

Првите доживувања од скопскиот земјотрес нафрлани врз сликарскиот блок, жртвата, ужасот и изместувањето, спротивставајќи се на силата се пресоздаваат во нов тон на уметноста. Силата се потчинува низ материјализацијата на чистата уметност. Изместената стварност на разурнувањето; завеаните сонца, утра, пладнина, прозирни куќи, на делови од ѕидовите запрени часовници; добиваат нов конструктивен облик; прочувственоста се потпира на логиката и причината, прозирноста и драматичната возбуда на бојата. На работ помеѓу трагиката и надежите лежи колективната и личната човекова драма. Просторот станува невистинит, асиметричен, а човекот помеѓу грамадата дисонанси, помеѓу симболите на црната и на црвената наедно со подвижниот израз се јавува со надреален свет на соништа за свеста и потсвеста на едно време. Вистината се трансформира низ подруги односи и надградби, низ релјефноста на метални, пластични, дрвени наноси врз насликаната материја. Но тоа не е физички пристап, туку превосходно ликовна синтеза. Згора на тоа симболика малку користена кај овој потврден реалист. Океresti нијанси и акценти, тие сонца помеѓу темните површини крај строги геометриски линии и рустикален афинитет, Коџомановски јарко се роди идејата за целосност на просторот, времето и човекот како творечки израз на стварност што допира до бескрајот на темничишта, грози и сеништа. Димензиите на просторот и на формите добиваат дводимензионалност. Елементите на стварноста се претвораат во еманација што пробива низ материјата и ја прави флуидна. Судбината на човекот низ архитипови на митосот за човештвото откриваат нови хоризонти од кои трепери мембраната на уметниковата свест низ однегувана и богата палета. Индивидуалниот сон се претвора во колективна свест, разбиеното зрачи низ похармонична природа на материјата, светлината, енергијата, насетената убавина.

Ова е нова дефинирана, заокружена, чиста (можеби малку за ова доба на Коџоман чудно како просторот на стихијата, хаосот и разбиени облици создаде пејзаж на внатрешна природа) нова предметност. Мораат да се разбијат предубедувањата за фрагментарност на ликовниот уметник. Тука се разбиваат сите сомневања. Коџоман докажува дека ако се сакаат и знаат уметничката вистина и вредност може да се најде суштината. Таа е ликовно инспирирана и доживеана до крај со богата атмосфера; низ хармонија на бои, ода на конструкцијата, анатомијата, перспективата човекова што секогаш се крева над пепелиштата и ветува нови светлини за човекот кој нестанувајќи вечно настанува низ животот на творештвото.

Томе Момировски

## SYNTHES IS OF FINE ART WITHOUT HILIS

With an abundant and reliable stroke, authentic drawing, suggestive colour which expresses a movement of a warm feeling, a representative of a pure fine art in paintings of the nude, portraits, landscapes (who always revealed the mountainous lanscape typical for Macedonia with passion, love and art maturity), still life picture, old town architecture, social, ethnofolklore and historical topics, and he himself a vivid history of the contemporary emancipated Macedonian fine art act (together with Nikola Martinovski and Lazar Lichenovski). Vangel Kodžoman comes out in front of us with the unique quality and discovery of a new defined fine art subject matter.

The first events of the earthquake of Skopje made on the painter's sketching pad, the victims and horror, opposing to the force are recreating in a new tone of art. The power is subjugated by the materialisation of the pure art. The changed reality of the disaster; darkened suns, mornins, noons, transparent houses stopped clocks on the walls, obtaining new constructive shape; the sensitiveness is relied upon the logics and reason, the transparency and dramatic thrill of the colour. On the enge between tragics and hope there is collective and personal human drama. The space becomes unreal, asymmetrical, and the man between the group of dissonancies, between the symbols of the black and red colour together with a surreal world of dreams about the consciousness of a time. The truth is transforming through other relations and constructions, through reliefness, of metal, plastic, wooden layers over the depicted substance. But this is not a physical attempt, but before all an art synthesis. Besides that, it represents a symbol very little used with this affirmative realist. Different nuancis and accents, those suns among the dark surfaces by strict geometric lines and rustical affinity, in the style of Kodžoman bore the idea about the totality of space, time and man as a creative expression which touches to the infinity of darkness and providencies. The dimension of space and forms get double dimensionality. The elements of the reality turn into emantion which is getting through the substance and makes it fluid. The human destiny through architypes of the myth about humanity reveal new horisons from which the membrane of the painter's consciousness trembles through grown and rich palette. The individual dream turns into collective consciousness, the broken radiates through more harmonious nature of the substance, light, energy, forthcoming beauty.

This is new defined, pure (may be for the time of Kodžoman strange as the space of elements, chaos and broken forms made a new landscape of internal nature) subjectivity. The convictions for fragmentary work of the painter must breake. Here all the suspicious are breaking. Kodžoman prooves that if the art truth and value love one another the essence could be easily formed. It is inspired till the end by a rich atmosphere; through a harmony of colours, an ode of construction, anatomy, the human perspective which always promies new lights about man who dissapearing for ever lives through the life of creation.

Tome Momirovski




1965








ВКоџоман/79

**Проф. ВАНГЕЛ КОЦОМАН, академски сликар**

и дописен член на Македонската Академија на науките и уметностите.

## ОДЛИКУВАЊА — ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

1955 — Добитник на орден на трудот од III ред за културна дејност.

1958 — Добитник на орден на трудот од I ред за 25-годишнината на ликовното творештво (ретроспективна изложба, Скопје).

1961 — Награда на изложбата „Охридски мотиви" во Охрид.

1967 — Спомен плакета од Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје за особени заслуги во остварувањето на целите и задачите на Педагошката академија во оспособувањето на наставни кадар за основните училишта.

1969 — Октомвриска награда за животно дело на СРМ

1970 — Именуван за почесен претседател на друштвото на ликовните педагози на СРМ — Центар Прилеп.

1972 — На Четвртиот конгрес на Ликовните педагози на Југославија доделено е почесно знаме на заслужен ликовен педагог на Југославија.

1972 — Почесна диплома од регионалното друштво на ликовни педагози за општините: Берово, Виница, Делчево и Кочани, за посебни заслуги во развивањето на ливоната педагогија во нашата земја.

1972 — Од 11. XII. указ број 128 Орден на Републиката со сребрен венец.

1973 — Сребрена плакета за изузетан допринос у развоју савеза — од претседништва савеза Удружења Ликовних уметника Југославије.

1973 — Признание од Републичкото здружение на ликовните педагози на СРМ за долгогодишна активна работа.

1974 — Признание по повод 30 години од постојењето за долгогодишна работа и активност на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

1975 — Повеља со златна плакета на Ликовните педагози на град Скопје за долгогодишна дејност на ликовното воспитување.

1975 — Спомен диплома од Општинската конференција за Општествена активност на жените — Струга, по повод 30 годишнината на АФИ во знак на признание за придонесот во остваруањето на рамноправноста на жените во нашето општество.

1975 — Признание од Републичкото здружение на Ликовните педагози на СРМ за долгогодишна ликовна педагошка дејност.

1969 — Награда за животно дело „11 октомври" за највисоко општествено признание за особено значајни остварувања во областа на уметноста од интерес за Социјалистичка Република Македонија. (број диплома 96.)

1975 — Осмоноемвриска награда од Општинското собрание на град Струга за постигнати особени резултати и како израст на признание за придонесот во развојот на Општината Струга. (8 ноември)

1977 — Повелба од педагошката академија „Климент Охридски" по повод прославата 25 годишнината на постоењето.

1979 — Награда АВНОЈ за општо значење за развитокот на СФРЈ во областа на ликовната уметност (сликарство).

**PROF. VANGEL KODŽOMAN, Academic Painter**

and Corresponding Member of the Macedonian Academy of Sciences and ARTS

**MEDALS, RECOGNITIONS AND REWARDS**

1955 — Labour Medal Winner of III Row for cultural activity;

1958 — Labour Medal Winner of I Row on the ocassion of the 25th anniversary of the fine arts creation (retrospective exhibition, Skopje);

1961 — Reward for the exhibition »Ohrid Motives« in Ohrid;

1967 — Medallion by the Teacher's Training College »Clement of Ohrid«, Skopje;

1969 — October Reward for life work in SR Macedonia;

1970 — Appointed for honorary President of the Union of Fine Arts Pedagoues of SR Macedonia — with a centre in Prilep;

1972 — On the Fourth Congress of Fine Arts Pedagogues of Yugoslavia he was given an honorary title of merited fine arts pedagogue of Yugoslavia;

1972 — Honorary Diploma of the regional union of fine arts pedagogues of the communities: Berovo, Vinitsa, Delchevo, and Kochani;

1972 — Medal of the Republic with Silver Wreath from December 11, decree number 128;

1973 — Silver Medal for great contribution in the development of the Union of Societies of Fine Arts of Yugoslavia given by its Presidency;

1973 — Recognition by the Republic Fine Arts Union of Pedagogues of SR Macedonia for long-term active work;

1974 — Recognition on the ocassion of the 30th anniversary from the existance of the long-term work and activity of the Macedonian Fine Arts Union;

1975 — Charter with Golden Medal by the Fine Arts Pedagogues of Skopje;

1975 — Diploma by the Women Organisation of Struga;

1975 — Recognition by the Republic Union of Fine Arts Pedagogues for long-term activity in this field;

1975 — 8the November Reward by the Community of the Assembly of Struga;

1977 — Charter by the Teacher's Training College, »Clement of Ohrid« on the ocassion of the 25th aniversary;

1979 — AVNOY Reward for general significance for the development of SFRY in the field of Painting.





Издавач:
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ — СКОПЈЕ

Предговор:
Томе МОМИРОВСКИ

Превод на Англиски:
Благој СТОИЧОВСКИ

Ликовно обликување:
Теофил ШУЛАЈКОВСКИ - Тофе

Фотографија:
Румен ЌАМИЛОВ

Тираж: 1000

Печат:
Печатница „СТОПАНСКИ ВЕСНИК" — СКОПЈЕ

Published By:
CENTAR ZA KULTURA I INFORMACII — SKOPJE

Introduction:
Tome MOMIROVSKI

Translated into english by:
Blagoj STOIČOVSKI

Artistic design:
Teofil ŠULAJKOVSKI - Tofe

Photography:
Rumen KAMILOV

a 1000-copy printing

Printed by:
„STOPANSKI VESNIK" — SKOPJE